| Предмет | ПАТОЛОГИЈА НА СЛУХОТ |
|---|---|
| Студиска програма | Тригодишни стручни студии |
| Код | СЛ 211 |
| Студиска година | Втора |
| Семестар | Трети |
| Вкупно часови | 90 |
| Кредити | 5 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Нема |
| Изведува | Клиника за уво, нос и грло |
| Одговорен наставник | Проф. д-р Марина Чакар |
| Адреса: | Клиника за уво, нос и грло, Водњанска 17, Скопје Тел. +389 2 3147-348; |
| Клучни зборови | Медицински факултет, додипломска настава, задолжителен предмет, патологија на слухот |
| Учебни цели | • Запознавање на студентите со методолошкиот пристап во патологија во слухот<br>• Да ги совлада основните поими, етиологија терминологија и класификација на патологијата во вербалната комуникација кај лица со оштетен слух<br>• Да се запознае со специфичностите во работата на стручните лица вклучени во тимот за дијагностика и рехабилитација на лица со патологија во слухот. |
| Кратка содржина (извадок) | **Теоретска настава:**<br>• Патолошки нарушувања на статоакустикус<br>• Неонатален скрининг<br>• Класификација на патологија во вербалната комуникација кај лица со оштетен слух.<br><br>**Практична настава:**<br>• Запознавање со основните методи и пристап во работата на лицата со патологија во слухот<br><br>**Пракаса:** Праксата е задолжителна и се изведува на различни одделенија под водство на ментор-професор и логопед одговорен за тој оддел.Студентот е должен да се вклучи во сите активности во текот на полно работно време за што води дневник. |
| Организација | **Теоретска настава:** 30 часа<br>**Практична настава:** 20 часа<br>**Пракса:** 40 часа |
| Методи на учење | Интерактивни предавања, вежби/работилници, пракса |
| Предвидени учебни резултати | **Знаење и разбирање:** Студентот ќе се стекне со знаење за основните поими, терминологија , етиологија и класификација на патологијата на слухот и патологијата во вербалната комуникација.<br><br>**Клучни вештини:** Студентот ќе биде способен да ги применува во практиката здобиените теоретски знаења. |
| Специфични препораки за наставата | Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности, вклучително и учеството во континуираните проверки на знаењето за да добие потпис. |

| | |
|---|---|
| | **Бодирање на активностите на студентот:** |

| Вид на активност | Бодови | |
|---|---|---|
| | минимум | максимум |
| Теоретска настава* | 7.5 | 12.5 |
| Практична настава** | 10 | 20 |
| Пракса *** | 2.5 | 7.5 |
| Континуирани проверки-2 | 25 | 35 |
| Практичен испит | 15 | 25 |
| **Вкупно** | **60** | **100** |

* присуство на теоретска настава
51% - 60% - 7.5 бода;
61% - 70% - 8 бода;
71% - 80% - 9 бода;
81% - 90% - 10 бода;
91% -100% - 12.5 бода.

** практична настава: секоја вежба носи 1 бод (20 вежби):
присуство - 0.5 бода
активност на вежба - 0.5 бода

*** успешност на праксата:
51% - 60% - 2.5 бода;
61% - 70% - 4.0 бода;
71% - 80% - 5.0 бода;
81% - 90% - 6.0 бода;
91% -100% - 7.5 бода.

**Условувачки критериуми:**
Студентот е потребно редовно да ја посетува теоретската и практичната настава за да пристапи на континуираната проверка.Проверката е писмена.Практичниот дел на испитот се изведува по завршување на вежбите и се состои во проверка на практичните знаења и оценка на оценувањето и ангажманот на студентот.Оценката на целокупниот испит се добива според табелата на оценки,а врз основа на збирот на бодовите од сите активности,вклучувајќи ги и континуираните проверки и практичниот дел од испитот.Студентот е должен да освои минимум бодови (60%) од континуираните проверки и практичниот испит, во спротивно, се јавува на комплетен завршен испит.

**Комплетен завршен испит:**Испитот е писмен и/или практичен. Се состои од континуираната проверка и/или практичниот испит на коишто студентот не освоил минимум бодови.

| | |
|---|---|
| Учебни помагала | **Основни:**<br>• Авторизирани предавања од предавачите. |